TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ФЕНИ ИНДУСТРИ АД КАВАДАРЦИ СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

СКОПЈЕ 25 АПРИЛ 2018

ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ – МАКЕДОНИЈА ЈА ИЗВЕСТУВА ЈАВНОСТА ДЕКА ПОДНЕСЕ КРИВИЧНА ПРИЈАВА ДО ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО – ВЕЛЕС И ДО УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА ПРОТИВ

- Стечаен управник на Фени Индустри.
- Стечаен судија во предметот за стечајниот должник Фени Индустри.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ХРОНОЛОГИЈА НА НАСТАНИ

29.10.2017 година

- Комерцијална банка и Стопанска банка кои се најголеми доверители, поднесуваат барање за отворање стечајна постапка.

31.10.2017 година

- Основниот суд во Велес, со Решение Ст. бр. 111/17 од година, поведува претходна постапка над имотот на Фени Индустри.

13.11.2017 година

- Одржано е рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка врз Фени.

29.11.2017 година

- Основниот суд во Велес, носи Решение за отворање стечајна постапка - Ст. бр. 111/17 од 29.11.2017 година, објавено во Сл. весник бр. 173/2017.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ОДЛУКА НА ОДБОР НА ДОВЕРИТЕЛИ 25.12.2017 - 03.01.2018 ГОДИНА

- Стечајниот Управник, повикувајќи се на одлука донесена од страна на Одборот на Доверители, објавил Оглас за склучување на договор за преработка на никелова руда и тоа во дневниот печат Нова Македонија и Financial Times.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

Врз основа на Одлуката на Одборот на доверители, од 25.12.2017 како и фактот дека Фени Индустри АД Кавадарци во стечај располага со недвижен имот, машини, опрема, постројки, вработени лица, know-how, за преработка на никелова руда како и соодветни дозволи, лиценци за одвивање, организација и управување на процесите на преработка на руда стечајниот управник на стечајниот должник ФЕНИ ИНДУСТРИ го објавува следниот:

О Г Л А С

за прибирање на писмени понуди за склучување на договор за преработка на никелова руда

I

Се повикуваат сите заинтересирани домашни и странски правни лица, да доставаат понуди до стечајниот управник Мирослав Анастасиевски, адреса: Кеј Братство Единство бр. 1 Гостивар Република Македонија, во рок од 8 дена сметано од денот на објавување на огласот.

II

Заинтересираните учесници кои имаат намера да се пријават на огласот заедно со понудата треба да доставаат докази дека ги исполнуваат следните услови :

1. имаат обезбедено пристап до никелова руда и можност за континуирана испорака на најмалку 100.000 тони месечно за временски период од најмалку 6 (шест) месеци,
2. да имаат претходно искуство во управување или друг вид на соработка во преработка на руда,
3. тековно поседува или управува со капацитети за преработка на руда, како и дека поседува финансиски капацитет и експертиза за успешно управување и мониторирање на менаџментот на процесот на преработка на руда,
4. како гаранција за исполнување на сите обврски по основ на договорот за преработка на руда заинтересираните учесници треба;
   - да имаат депонирано на сметка на било која деловна банка во Република Македонија износ од 3.000.000 ЕУР,
   - како и заедно со понудата да достави корпоративна гаранција во минимален износ од 5.000.000 ЕУР која ќе гласи на стечајниот должник.
5. да покаже спремност да врши авансно плаќање на месечен надомест заради покривање на сите трошоци на производството (преработката), во кои влегуваат трошоците за електрична енергија, мазут, плати, придонеси и давачки за вработени и други оперативни трошоци, **односно најмалку износ 1.100.000,00 Евра месечно,** како и дополнителен износ од најмалку 100.000 ЕУР без ДДВ месечно, над износот на трошоците. Крајниот износ на надоместокот ќе биде утврден во договорот, во зависност од количините на преработената руда.
6. дека против него не е поведена стечајна постапка или ликвидација, како и дека не е изречена кривична или друга санкција.

Како понудувач може да се јави секое правно лице кое ги исполнува горенаведените услови, а договорот ќе биде склучен со понудувач или со правно лице основано во Република Македонија од страна на понудувачот.

Мирослав Анастасиевски
Стечаен управник
Фени Индустри АД
Кавадарци

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ОД ОВАА ИЗЈАВА МОЖЕ ДА СЕ РАЗБЕРЕ ДЕКА:

- Договорот ќе биде склучен со избран понудувач (домашно или странско правно лице) или правно лице основано во Република Македонија од страна на тој понудувач;
- Договорот ќе биде склучен со понудувач кој е домашно правно лице, а ако е странско правно лице договорот ќе биде склучен со правно лице основано во Република Македонија од страна на тој понудувач;

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

СТЕЧАЈНИОТ СУДИЈА ЈА ВРШИ КОНТРОЛАТА ВРЗ РАБОТАТА НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК

- Стечајниот судија може по службена должност, по приговор или по предлог на другите органи на стечајната постапка, а по прибавено мислење на одборот на доверители, да ги менува одлуките на стечајниот управник.
- Стечајниот судија во рамките на овластувањата определени со закон на стечајниот управник му дава писмени упатства за извршување на неговите обврски кои се задолжителни за стечајниот управник.
- Стечајниот судија ја следи работата на одборот на доверителите и на собранието на доверителите.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ПРЕРАБОТКА НА НИКЕЛОВА РУДА 31.01.2018

- По основ на Огласот, на 30.01.2018 година, склучен е **Договор за преработка на никелова руда.**
- Поради овој договор Стечајниот управник ги губи односно ги пренесува своите овластувања на другата договорна страна, не водејќи сметка за интересите на стечајните доверители утврдени во моментот на склучување на договорот.
- Ја оштетува стечајната маса.
- Ја привилегира втората договорна страна.
- Имајќи ги во предвид правните недостатоци на самиот договор, ги става под основан сомнеж неговата **стручност и интегритет**.
- Со овие постапки овозможува голема добивка за втората договорна страна на штета на доверителите и стечајниот субјект кој го управува, Стечајниот управник се изложува на основи за утврдување на кривична одговорност согласно член 353(3) од КЗ на Република Македонија во законски пропишана постапка за вакво дело.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ДОГОВОРОТ НЕМА УТВРДЕНА И ИДЕНТИФИКУВАНА ВТОРА ДОГОВОРНА СТРАНА

- Втората договорна страна не е соодветно идентификувана.
- Потписник на договорот е физичко лице кое е идентификувано со број на пасош од непозната држава, без посочување на негова адреса;
- Овластувањето на физичкото лице – потписник е дадено од Одбор на директори но не е наведено на кое правно лице ;
- Не е содржан печат на втората договорна страна покрај потписот на за тоа овластеното лице што дополнително ја оптоварува формата на договорот поради тоа што застапуваното правно лице не може со сигурност да се идентификува.
- Од сето наведено произлегува дека договорот е склучен со **неопределен правен субјект**

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ПОСТАПУВА ПРИСТРАСНО КОН ОДДЕЛНИ ДОВЕРИТЕЛИ, ПРЕКУ НЕТРАНСПАРЕНТНА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВО ПОГЛЕД НА ВНЕСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

- Стечајниот управник на 31.01.2018 година го склучил ветениот договор. Покрај првата договорна страна која во стечај ја претставува Стечајниот управник, како втора договорна страна се јавува Глобал Спешал Опортјунитис Лтд, (основано на 26.10.2009 година); регистрирано на Бахами со седиште Дилејни Корп (Бахами) Лтд., Лифорд Манор, Вестерн Роуд Лифор Кеј, застапувано од Николас Бисланис.
- **Забележливо е дека втората договорна страна го дефинира седиште кај друго правно лице (па не е јасно дали се работи всушност за две правни лица како втора договорна страна)**

  1. **Global Special Opportunities Ltd.** и 2. **Delaney Corp. (Bahamas) Ltd**, при што адресата на седиште на вториот субјект е: Lyford Manor (East Bldg); Western Road, Lyford Cay;P O Box CB-13007; Nassau, The Bahamas; DelaneyCorp@delaneypartners.com (според податоци од нивната веб страница) http://delaneypartners.com/bahamas-corporate-services/

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

И ПОКРАЈ ОВИЕ ОЧИГЛЕДНИ СУШТЕСТВЕНИ ПРАВНИ НЕДОСТАТОЦИ, СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК ГО ОВЕРИЛ ОВОЈ ДОГОВОР ВО АРХИВАТА НА ФЕНИ ИНДУСТРИ ВО СТЕЧАЈ ПОД БР.03-73/01.02.2018 ГОДИНА.

- Со оглед на сето изложено Транспаренси интернешнал предлага врз основа на прибавените релевантни докази да се поведе кривична постапка против пријавените за кои постои основано сомнение дека сториле кривично дело Злоупотреба на службена положба од чл.353 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ, во која постапка истите ќе бидат казнети согласно Кривичниот законик на Република Македонија.
- Од наведените и образложени причини, во согласност со законските обврски на Стечајниот судија за вршење на надзор врз работењето на Стечајниот управник, сметаме дека **Договорот кој настанал како резултат на опишаните инкриминирани дејствија треба да биде прогласен за ништовен, поради апсолутна штетност за интересите на доверителите, стечајната маса и стечајниот должник.**

СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК СО ОВИЕ ПОСТАПКИ ОВОЗМОЖУВА ГОЛЕМА ДОБИВКА ЗА ВТОРАТА ДОГОВОРНА СТРАНА НА ШТЕТА НА ДОВЕРИТЕЛИТЕ И СТЕЧАЈНИОТ СУБЈЕКТ КОЈ ГО УПРАВУВА

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ ПОДНЕСЕ ПРЕТСТАВКА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СТЕЧАЈНИОТ СУДИЈА

- Стечајниот судија по службена должност е должен да има увид во работењето на Стечајниот управник и од негова страна да бара да ја исполнува неговата законска обврска за доставување на извештај за неговото работење и преземање на сите правни дејствија во врска со спроведувањето на стечајната постапка врз стечајниот должник;
- Стечајниот Судија и покрај се не презема ништо во врска со склученио Договор и покрај неговата очигледна незаконитост;
- Пред се, објавениот оглас од страна на Стечајниот управник за заинтересираните учесници содржи претенциозни услови за одреден понудувач, кое нешто е недозволиво.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ ПОМОГНА ВО ПОДГОТВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК КОЈ ГО ПОДНЕСОА ДОВЕРИТЕЛИТЕ

- Предлогот за Разрешување на Стечајниот управник се поднесе по основ на потврден и оправдан сомнеж дека со неажурно внесување на податоци во системот на е-стечај стечајниот управник постапува пристрасно кон одделни доверители во стечајната постапка и врши работи спротивно на интересите на доверителите односно на стечајната маса, како и за незаконетиот договор за кој е поднесена кривичната пријава.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОР НА ДОВЕРИТЕЛИ 25.04.2018

Одбор на доверители

	ДОВЕРИТЕЛ		ЧЛЕН ВО ОДБОР	ЗАБЕЛЕШКА
Правно лице	КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје	Правно лице	КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје	
Правно лице	СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје	Правно лице	СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје	
Правно лице	МЕПСО АД СКОПЈЕ	Правно лице	ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ Скопје	
Правно лице	Министерство за финасии УЈП	Правно лице	Државен правобранител за подрачје Велес	
Правно лице	РАДЕ КОНЧАР СЕРВИС	Правно лице	Друштво со ограничена одговорност Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи Скопје	

Стечајни побарувања

Приоритетни побарувања

09:07
25.04.2018

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ПРЕТСТАВКА ПРОТИВ Г-ДИН АНЃУШЕВ

- Транспаренси Интернешнл – Македонија доби претставка во врска со случајот и од Кунико Ресурси, компанијата во чија сопственост сè уште е Фени Индустри АД Кавадарци
- Писмото е доставено и до Секретаријатот на Транспаренси Интернешнел (ТИ) во Берлин, како и во Канцеларијата на ТИ во Брисел. Со двете канцеларии веќе е остварен контакт за проверка на наводите.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ДА ЈА СЛУШНЕМЕ И ДРУГАТА СТРАНА

- Вреднувајќи го правилото *audiatur et altera pars*, ова писмо го доставивме до вице-премиерот Анѓушев за да се изјасни по наводите, а неговиот одговор го очекуваме во следните неколку дена. Копија од писмото е испратена и до Премиерот на Република Македонија, г-н Зоран Заев.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

МОНИТОРИНГОТ ПРОДОЛЖУВА

- Транспаренси Интернешнл – Македонија, како невладина организација се залага за транспарентност, владеење на правото, одговорно и отчетно рабитење на институциите и сузбивање на корупцијата, и понатаму ќе продолжи внимателно да ја следи стечајната постапка Фени Индустри АД Кавадарци и другите активности поврзани со неа и да укажува на сите неправилности за кои ќе добие информации дека постојат.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA